Македонски центар за меѓународна соработка
МЦМС>>

# МЦМС е-Билтен

Декември 2014
БРОЈ 160

## Одржана обука за антикорупција за професионални и стручни организации

На 25 и 26 ноември 2014 г., во х. Александар Палас во Скопје, МЦМС организираше обука за антикорупција. Обуката беше наменета за претставници на професионални организации кои делуваат во сектори изложени на ризик на корупција (студентски организации, стопански комори, здруженија на адвокати и судии). Учесниците на обуката имаа можност да се запознаат со методите и практиките на бугарскиот Центар за изучување на демократијата (ЦИД) кој има долгогодишно искуство во следењето и борбата против корупцијата. Обучувачи беа експертите од ЦИД: Руслан Стефанов, Тодор Јаламов, Тихомир Брезлов и Емил Ценков.

Во текот на сесиите, обучувачите го презентираа своето искуство во следење на корупцијата и креирање на антикорупциски политики. Учесниците имаа можност да го подобрат своето знаење за корупцијата и корупциските ризици и да ги подобрат своите вештини за развивање на скроени секторски антикорупциски политики. Исто така, беа презентирани и основните наоди и клучните предизвици идентификувани во Извештајот за проценка на корупцијата, кој неодамна беше подготвен од МЦМС, во соработка со ЦИД.

Обуката е дел од Програмата на УСАИД за антикорупција, што ја спроведува МЦМС. Целта на програмата е зголемена информираност и знаење на граѓанските организации и граѓаните за барање отчетност од институциите како и придонес кон нивниот повисок интегритет. Партнери во спроведување на Програмата се Институтот за демократија – Социетас Цивилис, Скопје (ИДСЦС), Асоцијацијата за демократски иницијативи (АДИ) и Транспарентност Македонија.



## Платформа за антикорупција

На 9 декември 2014 година во Скопје, 15 граѓански организации ја основаа Платформата за антикорупција. Таа цели кон проактивно, динамично и оспособено граѓанско општество кое ќе игра значајна улога во борбата против корупцијата.



*Од основањето на Платформата*

Платформата, преку заеднички реакции, ќе тежнее да биде коректив на состојбите, а ќе соработува и комуницира со сите засегнати страни вклучувајќи ги државните институции, политичките партии, бизнис заедницата и меѓународната заедница. Ќе ги следи и анализира правната рамка и актуелните јавни политики и активности за сузбивање на корупцијата, ќе иницира јавна дебата за квалитетот на законите и ќе иницира законски измени каде што е потребно.

Ефективноста, транспарентноста и интегритетот на релевантните институции ќе бидат следени постојано. Особено внимание ќе се обрне на соработката со Државната комисија за спречување на корупцијата и на нејзината работа. Ќе се следи и анализира ефективноста на правосудството како и работата на другите институции (МВР, ДЗР, БЈН, УЈП) во процесирање на случаи поврзани со корупција. Ќе се следи и анализира и транспарентноста и отчетноста на јавните институции со повисок ризик за корупција (судство, полиција, здравство, ЕЛС, инспекции и сл..). Платформата ќе поттикнува и поддржува иницијативи за поголема транспарентност во донесувањето и спроведувањето на Буџетот на РМ и буџетите на општините, а ќе го следи и финансирањето на политичките партии и користењето јавните ресурси за партиски интереси. Исто така ќе биде покрената и иницијатива за полесен пристап до (статистички) податоци.

Ќе се работи и на зголемување на свеста на граѓаните за борба против корупцијата. Ќе бидат иницирани иновативни решенија кои ќе водат кон повисок интегритет на институциите и на граѓаните, ќе бидат поттикнати граѓаните за укажување на случаи на корупција и ќе се поттикне јавна расправа за ефектот на политичките и на социо-културните фактори кои влијаат на корупцијата.

Членки на Платформата се: Асоцијацијата за демократски иницијативи, Институтот за демократија „Социетас Цивилис" Скопје, Истражувачкиот центар за граѓанско општество, Коалицијата „Сите за правично судење", КОНЕКТ, Македонскиот центар за меѓународна соработка, Метаморфозис, МОСТ, Охрид Институт, Транспаренси Интернешнл Македонија, Транспарентност Македонија, Фондацијата Отворено општество – Македонија, Форум ЦСИД, Центарот за граѓански комуникации и Центарот за истражување и креирање политики.

## Поврзаноста на организираниот криминал и корупцијата

На 25 и 26 ноември 2014 година, во Скопје, МЦМС ја организираше обуката „Поврзаноста на организираниот криминал и корупцијата". Обуката им беше наменета на претставниците на ГО кои меѓу другото, ја мониторираат работата на јавните институции во државата. Предавачи беа др. Тодор Јаламов, Тихомир Безлов, Руслан Стефанов и др. Емил Ценков сите од Центарот за изучување на демократијата (ЦИД) од Бугарија.

Учесниците имаа можност да слушнат за искуствата поврзани со корупцијата и анти-корупцијата во Бугарија и во Југоисточна Европа; за добрите и лошите пракси; за следењето и оценувањето на анти-корупцијата и организираниот криминал во Европа; за искуствата од Извештајот за проценка на заканата од организираниот криминал во Европа, како и од Водичот за проценка на заканата од организираниот криминал во Бугарија.

Претставниците на ГО зборуваа за нивните приоритети во однос на анти-корупцијата и доброто владеење во Македонија на краткорочно и долгорочно ниво. Се осврнаа и на тешкотиите со кои се соочуваат при мониторингот на работата на јавните институции кои пред сé се резултат на пристапот до јавни информации, особено во однос на финансирањето на политичките партии, јавните набавки итн. Тие исто така зборуваа за микро коруптивните практики и потребата за нивно искоренување како и за јакнењето на свеста на граѓаните за тоа што сé претставува коруптивно дело и како тоа се искоренува. Учесниците беа едногласни дека добрите примери се најдобар начин за сузбивање на корупцијата и организираниот криминал, поддржани со силно судство и владеење на правото. Обучувачите им посочија на претставниците на ГО корисни извори на информации кои можат да се користат во нивната секојдневна работа, меѓу кои и последниот Из-



*Примерите се корисно искуство за справувањето со коруцијата и организираниот криминал*

вештај за проценка на корупцијата во Македонија. Учесниците посебно се интересираа за алатките за откривање на корупцијата и техниките кои се користеле во Бугарија затоа што се применливи и во Македонија. Меѓу најинтересните теми за нив беше и пристапот за мерење на довербата во институциите, прекуграничниот криминал, криминалот со криумчарење на цигари, сузбивање на проституцијата, но и методите за следење на корупцијата во високото образование.

## Институционална трансформација на Пристапот на Ромите до фондови

На 11 и 12 декември 2014 година во Скопје се одржа Регионалниот состанок на партнерите на програмата Пристап на Ромите до фондови. Целта на состанокот на кој присуствуваа 22 претставници на партнерските организации од Македонија, Србија и Хрватска, као и претставници на донаторот Институт Отворено општество од Будимпешта, беше да се сумира развојот на програмата во 2014 г., вклучувајќи ги и достигнувања и потребите за подобрување; да се разговара за целите и активностите за следните две години, и да се разменат знаења и искуства преку посетите на проектите што се спроведуваат во Македонија.

Партнерите констатираа дека, иако промените кај Фондацијата отворено општество во врска со работата со Ромите се уште може да продолжат, последните одлуки поврзани со МТМ мисијата и операциите во земјите од Југоисточна Европа се во согласност со принципите и одлуките поставени со основањето на Пристапот на Ромите до фондови. Исто така, тие разговараа дека во следните две години ќе се фокусираат на институционалната трансформација и одржливоста на мерките за Пристапот на Ромите до фондови.

Вториот ден од средбата беше посветен на посета на проектите што се реализираат во Македонија. Беа посетени Ромскиот бизнис информативен центар кој го спроведува проектот „Зајакнување и одржливост на Унијата за рециклирање". Во општина Шуто Оризари беа посетени улиците, реновирани со проектот „Форуми во заедниците", како и проектот „Работи локално, развивај глобално – но зелено". Во Скопје беше посетена организацијата Сумнал, Здружение за развој на ромската заедница во РМ, која што го спроведува проектот „Преживеаните од холокаустот – хуманитарна и социјална програма". Домаќин во Гостивар беше Хуманитарната и добротворна асоцијација на Ромите „Месечина", а гостите се запознаа со проектот „Учиме заедно".

МтМ е иницијатива на Институтот Отворено општество. Во Македонија, национални партнери се МЦМС и ИнСок. МтМ се стреми да ги поврзе зацртаните цели за социјална инклузија на Ромите со развојните ресурси на Европската Унија (ЕУ), но и на националните влади со потребите на ромското население.

# Повеќе од 350 граѓани учествуваа на информативните сесии за Цивика мобилитас

Од 15 до 19 декември 2014 година се одржаа седум информативни сесии посветени на Цивика мобилитас општо, но пред сè на првиот повик за институционални грантови. Повеќе од 350 претставници на над 300 граѓански организации од цела Македонија на информативните сесии во Струмица, Штип, Делчево, Скопје, Битола, Струга и Гостивар имаа можност да слушнат повеќе за програмата и за начинот на пријавување на првиот повик.

Тимот на Цивика мобилитас детално ја објасни постапката за аплицирање и содржината на пријавата. Особено внимание беше посветено на самооценката како алатка што за прв пат се применува во постапката на аплицирање за грантови. Самооценката се состои од пет дела кои се компатибилни со пристапот на Цивика мобилитас и димензиите на Индексот на граѓанско општество (практикување вредности, граѓански ангажман, ниво на организација, перцепција на влијание и околина). Пополнувањето на прашалникот за самооценка ќе ги обезбеди потребните информации за планирање на развојот на граѓанските организации, што е основа за пријавата за грант.

Учесниците имаа можност да разговараат со тимот на Цивика мобилитас за поконкретни прашања во врска со програмата и повикот. Прашањата и одговорите ќе бидат споделени на веб-страната на Цивика мобилитас: http://civicamobilitas.mk/mk/komponenti/2/cm-ins-01/q-a. За дополнителни прашања поврзани со повикот, организациите можат да контактираат со канцеларијата на Цивика мобилитас најдоцна до 11 јануари 2015 година на телефон 02/3065 381 или на е-пошта: poddrska@civicamobilitas.mk.

Програмата за поддршка на граѓанското општество Цивика мобилитас е поддржана од Швајцарската агенција за развој и соработка, а ја спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Шведскиот институт за јавна администрација (СИПУ).

### Објавен првиот повик од Цивика мобилтас

Цивика мобилитас на 10 декември 2014 година го објави првиот повик за институционални грантови кои им се наменети на граѓанските организации.

Институционалните грантови на Цивика мобилитас го поддржуваат процесот на институционален развој / организациско јакнење на избраните грантисти.

Пријавите за овој повик се поднесуваат преку формуларот за пријавување, а сите обрасци се достапни на http://civicamobilitas.mk/mk/komponenti/2/cm-ins-01/formulari

Големината на грантовите на годишно ниво ќе биде помеѓу 15.000 и 40.000 швајцарски франци по грант. Заинтересираните може да ги испратат своите прашања по писмен пат на адресата: poddrska@civicamobilitas.mk, најдоцна до 10.01.2015 г. Краен рок за поднесување на пријавите е 26 јануари 2015 г., до 16 часот до кога треба да бидат примени сите пријави.

# Финансиите се само еден аспект од одржливоста на граѓанските организации

На 25 и 26 ноември 2014 г. во Оксфорд, Велика Британија се одржа работилница на тема „Градење одржливост на граѓанските организации" во организација на ИНТРАК од Лондон. Симона Огненовска и Дарко Димов учествуваа како претставници на МЦМС.

На работилницата учествуваа 80 претставници на граѓански организации (ГО), социјални претпријатија, претставници на приватен сектор, меѓународни организации од целиот свет и споделија искуства и практични примери за одржливоста на граѓанското општество.

Дискутирани беа клучните прашања и предизвици: одржливоста на ГО кои функционираат во различни контексти; како меѓународните организации им помагаат на ГО да станат поодржливи и најдобрите практики на донаторите за обезбедување одржливост на примателите/партнерските организации.

Одржливоста на граѓанското општество не е само обезбедување финансиски ресурси. Одржливоста е мултидимензионална и ги опфаќа легитимитетот на организацијата, силното водство и јасната мисија и вредности, како и контекстот во кој функционира организацијата. Финансирањето е сепак најважниот аспект за долгорочниот опстанок и ефективност на ГО. Показател за потенцијална неодржливост на ГО претставува преголемата зависност од строго наменски средства. Финансиската одржливост зависи од диверзифицираноста на приходите и можностите за пристап до нови средства.

Глобални трендови кои беа дискутирани на работилницата се вршење на економски активности, развој на нови социјални претпријатија, социјално претприемништво и модели за социјална франшиза. Понатаму во посебна сесија беа разгледувани и важноста од потенцијалот на давањето од дијаспората, филантропија, краудсорсинг, волонтерство итн.

Актуелизација на дебата за одржливоста, зголемување на знаењата на ГО, споделување на добри практики и успешни примери е важно за опстанокот и понатамошниот развој на граѓанското општество во Македонија. Клучно ќе биде навремено и свесно градење на слика за потенцијалната трансформација на секторот и улогата која сака да ја преземе во иднина.

Учеството на работилницата е дел од проектот „Acquis на балканското граѓанско општество: Јакнење на потенцијалот и капацитетите на граѓанските организации за застапување и лобирање". Спроведуван е од БЦСДН и членките во партнерство со ЕЦНЛ и Европската мрежа на национални граѓански организации (ЕННА), а финансиски поддржан од ЕУ.